*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на | Број 7 | |
|---|---|---|
| Општината Штип | 15 јули 2005 година | ГОДИНА XLII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


102.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ
ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Деловникот за работа на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-940/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

103.

Врз основа на член 21 точка 2 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# Д Е Л О В Н ИК
# ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

## I. **Општи одредби**

Член 1

Со овој Деловник се уредува организацијата и работата на Советот на Општина Штип и работата на комисиите на Советот.

Член 2

Советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на Општината Штип.

Член 3

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седниците на Советот се јавни.

Кога постојат оправдани причини утврдени со Статутот, се исклучува присуството на јавноста на седницата.

За исклучување на јавноста одлучува Советот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 4

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

## II. **Конституирање на Советот**

### А. Верификација на мандатите на членовите на Советот

Член 5

Мандатите на членовите на Советот ги верифицира Советот на првата (конститутивна) седница.

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседателот на Советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на конечното завршување на изборите за членови на Советот на Општината.

До изборот на претседател на Советот со Советот претседава најстариот (по години) член на Советот.

Член 6

Ако Советот не се свика во предвидениот рок, членовите на Советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на Советот, го конституираат Советот во рок од 10 дена по истекот на рокот предвиден во член 6 став 2.

Член 7

Мандатите на членовите на Советот се верифицираат по предлог на Верификациона комисија.

Верификационата комисија ја избира Советот по предлог на најстариот член на Советот кој претседава со првата седница.

Верификационата комисија се состои од претседател и 2 члена.

Со верификација на мандатите на советниците Верификационата комисија престанува со работа.

Член 8

Верификационата комисија врз основа на известувањето на општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот за нивниот избор и утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај со предлог за верификација.

Член 9

Извештајот и предлогот на Верификационата комисија, Советот го разгледува во целина.

Ако Верификационата комисија, при утврдувањето на идентитетот на членовите на Советот, утврди одредени несогласувања на доставените уверенија од страна на членовите на Советот со известувањето на општинската изборна комисија, му предлага на Советот да ја одложи верификацијата на спорниот мандат.

За секој таков предлог се гласа поединечно.

Член 10

Членот на Советот чија верификација на мандатот е одложена има право да присуствува на седницата на Советот и да учествува во работата, но без право на одлучување.

Член 11

Верификација на мандатот на членови на Советот избрани на повторни избори, или на членови на Советот што доаѓаат на местото на членови на Советот на кои по сила на Закон им престанал мандатот, Советот ја врши на првата наредна седница на предлог на Верификационата комисија.

Верификационата комисија од став 1 на овој член е составена од претседател и двајца членови и се избира по предлог на претседателот на Советот.

Член 12

Советот е конституиран ако се верифицирани мандатите на повеќе од половината од вкупниот број членови на Советот.

Член 13

Со верификација на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности утврдени со Закон, со Статутот и со овој Деловник.

Б. Претседател на Советот

1. Избор на претседател на Советот

Член 14

Претседател на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мандат од четири години.

Кандидат за претседател на Советот предлага Кандидациона комисија.

Член 15

Кандидационата комисија ја избира Советот веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот, со мнозинствоо гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на Советот.

Кандидационата комисија е составена од претседател и двајца членови, кои се избираат на предлог на членовите на Советот.

Кандидационата комисија, со мнозинство гласови, од составот на Советот предлага еден или повеќе кандидати за претседател на Советот.

Со изборот на претседател на Советот Кандидационата комисија престанува со работа.

Член 16

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање, доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Ако има повеќе предлози, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучен ред на презимињата на кандидатите.

Член 17

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи најстариот член на Советот кој претседава со седницата.

Член 18

За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Доколку во првиот круг никој од кандидатите за претседател не го добил потребниот број гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои што во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател е избран членот на Советот којшто во вториот круг на гласање добил повеќе гласови.

Доколку и во вториот круг не се избере претседател (и двајцата добиваат ист број гласови), постапката се повторува, односно Кандидационата комисија повторно предлага еден или повеќе кандидати за претседателот.

2. Обврски на претседателот на Советот

Член 19

Претседателот на Советот:

1. ги свикува и раководи со седниците на Советот;
2. се грижи за организацијата и работата на Советот и

3. ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од три дена од денот на нивното донесување ги доставува на градоначалникот заради објавување.

В. Избор на комисиите на Советот

1. Избор на Комисија за мандатни прашања, избор и именувања

Член 20

Претседателот и членовите на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања ги избира Советот на својата прва седница на предлог на член на Советот.

Комисијата се избира со мнозинство гласови од присустните на Советот, но најмалку со една тртина од вкупниот број членови на Советот.

Предлогот на кандидати за членови на комисијата содржи онолку кандидати колку се избираат членови на комисијата.

По правило, претседателот и членовите на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, Советот ги избира на својата прва (конститутивна) седница

2. Избор на постојани и повремени комисии на Советот

Член 21

Претседателите и членовите на останатите постојани и повремени комисии ги избира Советот на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања.

Бројот и составот на постојаните комисии е утврден со Статутот на Општината.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на комисиите.

## III. Права и должности на членовите на Советот

1. Присуство на седница на Советот

Член 22

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на Советот и на неговите постојани и повремени комисии.

Член 23

Членот на Советот кој е спречен да присуствува на седниците на Советот должен е за тоа навреме да го извести претседателот на Советот.

Член 24

За присуство на членовите на Советот на седниците се води евиденционен лист.

Евиденциониот лист за присуство на членовите на Советот го води општинската администрација.

2. Давање иницијативи, предлози и поставување прашања до градоначалникот на Општината

Член 25

Членовите на Советот имаат право на седницата на Советот да даваат иницијативи и предлози.

Член 26

На седницата на Советот имат право да му поставуваат на градоначалникот прашања од неговата надлежност.

Членовите на Советот прашањата на седницата ги поставуваат усно, а доколку не е присутен градоначалникот, истото, писмено му се доставува од страна на претседателот на Советот.

Прашањата треба да бидат куси и прецизни и не смее да има белег на расправа за содржината на која се однесува.

Членовите на Советот на иста седница може да постават најмногу три прашања.

Член 27

На усно поставеното прашање по правило одговор се добива на седницата на која е поставено.

Ако градоначалникот на Општината се изјасни дека не е во можност да даде одговор на таа седница, должен е одговорот да го даде на наредната седница на Советот.

Членот на Советот може да побара на прашањето што го поставил да му се одговори писмено.

Писмениот одговор се дава во рок од 15 дена по приемот на истото и се доставуа до претседателот на Советот кој го доставува до членовите на Советот со поканата за наредната седница.

На прашањето кое му е писмено доставено, градоначалникот е должен писмено да одговори во рок од 15 дена од приемот на истото.

Членот на Советот што го поставил прашањето, по добиениот одговор, има право да постави дополнително прашање.

Член 28

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

3. Право на надоместоци

Член 29

Членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патни и дневни трошоци во рамки утврдени со Закон.

Висината на процентот на надоместокот се определува со посебна одлука на Советот.

4. Право на обезбедување услови за вршење на функцијата член на Советот

Член 30

Членот на Советот има право да биде информиран за работа на Советот и за работата на комисиите на Советот.

Членот на Советот има право во врска со извршувањето на својата функција да бара стручна помош од општинската администрација по прашања од надлежност на Советот.

Членот на Советот има право да ги користи просториите во седиштето на Општината за работа и состаноци во врска со извршувањето на својата функција.

Членот на Советот има право преку Советот да бара податоци од јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа Советот, кои му се потребни за извршување на својата функција.

5. Обврска за чување тајна

Член 31

Членот на Советот е должен да ја чува државната, службената и деловна тајна.

Како тајна се смета секој спис или податок што ќе биде означен со ознака "доверливо" од страна на подносителот.

Членот на Советот е одговорен за повреда на тајната, согласно Законот.

Начинот, ракувањето и чувањето на материјалите кои се сметаат за доверливи се утврдува со акт на Советот.

6. Престанок и одземање на мандатот

Член 32

На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран само во случаите утврдени со Закон.

Советот на првата наредна седница, ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот.

Член 33

Ако членот на Советот поднесе оставка, истата писмено ја доставува до претседателот на Советот.

Советот без расправа на првата наредна седница го констатира престанокот на мандатот.

Мандатот поради поднесена писмена оставка престанува од денот на одржувањето на седницата на која е констатиран престанокот.

Член 34

Ако член на Советот е осуден со правосилан пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци, за тоа веднаш, во писмена форма се известува претседателот на Советот.

Известувањето од став 1 може да го поднесе судот кој ја изрекол казната, политичка партија и секој граѓанин.

Советот без расправа на првата наредна седница го констатира престанокот на мандатот од денот на исполнување на условот.

Член 35

Советот без расправа на првата наредна седница, ќе ја констатира причината и денот н престанокот на мандатот на членот на Советот за сите останати случаи устврдени со Закон.

Мандатот престанува од денот на исполнување на условот.

## IV. **Оставка и разрешување**

1. Оставка

Член 36

Секој носител на функција што го избира или именува Советот има право да поднесе оставка и истата може да ја образложи на седница на Советот.

Советот на првата наредна седница констатира дека на носителот на функцијата му престанува мандатот од денот на поднесувањето на оставката.

2. Разрешување

Член 37

Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на постапката за избор, односно именувања, соодветно се применуваат и во постапката за разрешување, доколку не е поинаку утврдено со Законот, Статутот и овој Деловник.

Предлог за разрешување на лице што го именува или избира Советот, може да поднесат најмалку 7 членови на Советот и претседателот.

Предлогот од претходниот став се доставува до претседателот на Советот.

Разрешувањето на избраните и именуваните лица се врши со јавно гласање.

За разрешено се смета лицето ако за предлогот за разрешување гласале мнозинството од присутните членови на Советот, а најмалку една третина од вкупниот број членови на Советот.

Ако Советот го одбие предлогот за разрешување, повторен предлог не може да се поднесе пред истекот на рокот од 6 месеци од денот на одбивањето.

## V. **Седница на Советот**

1. Свикување на седница и предлагање на дневен ред

Член 38

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш на три месеци.

Седницата на Советот ја свикува претседателот на Советот по своја иницијатива.

Претседателот на Советот свикува седница и на барање на градоначалникот или на барање од најмалку 1/4 од членовите на Советот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

Доколку во рокот определен во ставот 3 на овој член, претседателот на Советот не свика седница на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Поканата со денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот за дневен ред по кој ќе се работи, задолжително се објавува и доставува на членовите на Советот најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Член 39

Дневниот ред за седницата на Советот го предлага претседателот на Советот, а го утврдува Советот на почетокот на седницата.

Член 40

Членовите на Советот и градоначалникот на Општината можат и по свикувањето на седницата, како и на самата седница да предложат во дневниот ред да се внесе одредено прашање доколку тоа прашање е од итен карактер и доколку во писмена форма се образложи итноста.

На седницата најнапред се одлучува за итноста, без претрес.

2. Претседавање со седницата

Член 41

Со седницата на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, со седницата на Советот претседава член на Советот, овластен од претседателот.

3. Присуство и учество во работата на седницата

Член 42

На седницата на Советот претседателот може да покани да присуствуваат и да учествуваат во работата пратениците од Општината во Собранието на РМ, претставници на политички партии кои имаат свои членови во Советот, претставници на подрачните единици на министерствата и други органи на државната управа, јавни служби, установи и претпријатија и други органи кога се разгледуваат прашања од нивната надлежност.

На седница на Советот можат да одржат говори странски државници и граѓани на странски држави како гости.

Говорот одржан на јазикот на странски државници и на граѓани на странски држави, се преведува на македонски јазик.

Претседателот на Советот ги известува членовите на Советот за тоа кој е поканет да присуствува на седницата на Советот.

4. Тек на седница

Член 43

Седницата ја отвора и со неа раководи претседателот на Советот.

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

Ако се утврди дека нема потребно мнозинство за работа, претседателот на Советот ќе ја одложи седницата за одреден ден и час.

Член 44

Пред утврдувањето на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница.

Членот на Советот може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и дополнувања.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако забелешката се усвои во записникот ќе се внесат соодветните измени.

Член 45

Претресот по прашањата од дневниот ред се врши според утврдениот редослед на дневниот ред.

Во текот на седницата, Советот може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања од дневниот ред.

Советот може да одлучи да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани.

Член 46

На почетокот на претресот по секое прашање од дневниот ред, предлагачот односно негов претставник може да даде дополнителни образложенија или појаснувања.

Дополнителните образложенија или појаснувања може да траат најмногу 15 минути.

Член 47

Претресот по одделно прашање трае додека по него има пријавено учесници за збор.

Советот претресот по секое прашање од дневниот ред го завршува со донесување на соодветен пропис.

5. Прекин на седница

Член 48

Претседателот на Советот ја прекинува седницата на Советот заради немање на мнозинство потребно за работа, заради нарушување на редот во салата каде што се одржува седницата, одмор и други случаи.

Претседателот на Советот ја прекинува седницата и кога тоа ќе го побараат најмалку 6 члена на Советот заради дополнителни консултации.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Советот.

6. Право на говор

Член 49

На седницата на Советот никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателот на Советот.

Претседателот на Советот на членовите на Советот им дава збор според редоследот на јавувањето. Говорникот кој сака да говори по втор пат може да добие збор по исцрпувањето на листата на пријавените кандидати.

Советот може да одлучи по одредени точки од дневниот ред времетраењето на говорот да се ограничи.

Член 50

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Советот ќе го опомене. Ако говорникот и по повторната опомена не се придржува на дневниот ред, претседателот му го одзема зборот.

Член 51

Членот на Советот има право на реплика доколку биде поименично спомнат во дискусија.

Репликата може да трае најмногу 2 минути.

7. Процедурални предлози

Член 52

Членот на Советот има приоритетно право на говор доколку побара дозвола за:

- да предложи одлагање на расправата;
- да предложи заклучување на расправата;
- да предложи да се вратат предлозите повторно на комисиите.

Ниту еден од овие процедурални предлози не смее двапати да биде предложен за време на една иста расправа.

Предлозите од став 1 ќе имаат приоритет во однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 свое мислење можат да дадат предлагачот, известувачот или претседателот на комисијата по чиј предлог се води расправата.

За процедуралните предлози на седницата се одлучува без расправа.

8. Одржување на редот

Член 53

За одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Советот.

Претседателот на Советот ќе го опомене членот на Советот ако со своето однесување, со земање збор кога претседателот на Советот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник или со слична постапка го нарушува редот на седницата.

Членот на Советот кој и покрај опомената односно одземениот збор, го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кој го навредува достоинството на Советот, може да биде отстранет од седницата.

Членот на Советот кој е отстранет од седницата должен е веднаш да ја напушти салата во која се одржува седницата. Ако претседателот на Советот не може да го одржи редот на седницата може да ја прекине истата.

За времетраењето на прекинот и за продолжување на седницата одлучува претседателот на Советот.

9. Одлучување

Член 54

Советот одлучува со мнозинство на гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на Советот.

Член 55

По правило, гласањето во Советот е јавно, освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да е тајно.

Јавното гласање се врши со кревање на рака.

Јавното гласање може да се врши и со поименично изјаснување.

Поименичното изјаснување може да се врши кога тоа ќе го побараат најмалку 7 члена на Советот.

Поименичното гласање се врши со изјаснување на секој прозван член на Советот со "за" или "против" предлогот или со воздржување од гласање.

Прозивањето го врши претставник на општинската администрација.

За време на поименичното изјаснување забрането е влегување или излегување од салата. Претседателот на Советот е должен пред почетокот на поименичното изјаснување да ги повика членовите на Советот кои се моментално излезени од салата каде што се одржува седница.

Член 56

Гласањето се врши тајно ако така се одлучи на седницата на предлог од претседателот на Советот или на предлог од еден член на Советот поддржан од 10 членови на Советот.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мора да бидат во еднаква големина и иста боја.

Со тајното гласање раководи претседателот на Советот, а му помагаат двајца членови на Советот кој ги избира Советот.

На секое гласачко ливче се става печат на Советот.

Член 57

Тајното гласање се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведува предлогот за кој се гласа и зборовите: "за" или "против", а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

Во гласачкото ливче за избор односно именување носители на функции се наведува функцијата за која се врши изборот, имињат и презимињата на кандидатите поединечно според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број, а членовите на Советот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, непотполнето гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Советот гласал.

10. Записник

Член 58

За работата на седницата на Советот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со одделните прашања од дневниот ред.

Членот на Советот може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото изнесено мислење.

По правило, записникот се усвојува на наредната седница на Советот.

Усвоениот текст на записникот го потпишува претседателот на Советот.

Член 59

За составување на записникот и за чување на оригиналите на записниците, се грижи општинската администрација на Општианта Штип.

Член 60

За работата на седницата на Советот се водат аудио и видео записи.

## VI. Начин на работа на комисиите на Советот

Член 61

Комисиите на Советот работат на седници.

Седниците на комисијата ги свикува претседателот на комисијата.

Претседателот на комисијата е должен да свика седница ако тоа го побара претседателот на Советот, или ако тоа го предложат најмалку тројца членови на комисијата, со предлогот за свикување на седница членовите треба да достават материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на комисијата не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата ќе ја свика претседателот на Советот.

Комисијата на првата седница од редот на своите членови определува заменик на претседателот кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

Член 62

Поканата за седница со предлог на дневен ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата се доставуваат најмалку 2 дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата. Во дневниот ред можат да се внесат и прашања што на самата седница ќе ги предложат членовите на комисијата.

На седницата се покануваат да присуствуваат претстаавници на предлагачите на материјалите.

Член 63

Комисијата може да одржува седници и да претресува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на комисијата.

Комисијата зазема ставови со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 64

Членот на комисијата има право и должност да присуствува на седница на комисијата и да учествува во работата и одлучувањето.

За присуството на членот на комисијата се води евиденција.

Членот на комисијата кој е спречен да присуствува на седницата должен е за тоа навреме да го извести претседателот на комисијата.

Член 65

Претседателот на комисијата го известува претседателот на Советот за членот на комисијата кој три пати едноподруго неоправдано отсуствувал од седниците на комисијата. Комисијата може да предложи Советот да го разреши тој член и на негово место да избере друг член.

Член 66

Надлежната комисија на Советот му поднесува извештај одделно за секое прашање што го разгледува.

Извештајот содржи став на комисијата со образложение.

Претседателот на комисијата го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност.

Извештајот од став 3 на овој член го потпишува заменикот на претседателот на комисијата во случај кога претседателот на комисијата е во оставка, кога е разрешен од должноста и во други случаи.

Член 67

Претседателот или заменикот на комисијата на седница на Советот ги застапува ставовите на комисијата.

Претседателот или заменикот на комисијата кој е известител по прашањата што ги разгледува, не може да го менува ставот на комисијата или да се откаже од него, ако за тоа не е овластен од комисијата.

Член 68

Комисијата може да му предложи на Советот да го одложи претресувањето на одделно прашање.

Член 69

Усвоените записници од седницата на комисиите ги потпишува претседателот на комисијата, односно заменикот на претседателот кога го заменува поради оправдано отсуство, кога претседателот е во оставка, или кога е разрешен од должноста.

Член 70

Комисиите соработуваат меѓусебно.

Комисиите можат да одржуваат заеднички седници заради разгледување на прашања од заеднички интерес или усогласување на ставовите.

Заедничките седници на две или повеќе комисии ги свикуваат договорно претседателите на тие комисии преку претседателот на Советот.

Комисиите на заедничките седници гласаат одделно.

## VII. **Постапка за донесување на прописи**

1. Предлог за донесување пропис

Член 71

Постапката за донесување пропис започнува со поднесување предлог за донесување пропис.

Член 72

Предлог за донесување пропис можат да поднесат:

- членовите на Советот;
- комисиите на Советот;
- градоначалникот;
- 10% избирачи од општината.

Член 73

Предлогот за донесување пропис содржи правен основ за донесување и причините поради кои треба да се донесе прописот.

Член 74

Предлогот за донесување пропис може да се поднесе во писмена форма до претседателот на Советот или усно на седница на Советот.

Предлогот за донесување пропис претседателот на Советот го доставува до соодветната комисија во рок од 3 дена од денот на неговото поднесување.

Предлогот за донесување пропис се доставува и до градоначалникот на Општината.

Член 75

Надлежната комисија го разгледува предлогот и зазема став за основаноста и потребата од донесување на прописот и за тоа го информира Советот.

Член 76

Советот на Општината го разгледува предлогот за донесување пропис со ставот на комисијата и ја утврдува основаноста и потребата за донесување на прописот.

Ако Советот оцени дека нема основ и потреба за донесување на прописот, за тоа го известува подносителот.

Член 77

Кога Советот на Општината ќе утврди основаност и потреба за донесување на пропис, определува изготвувач на прописот, доколку со предлогот за донесување прописот не е поднесен и предлог на прописот.

Ако со предлогот за донесување на прописот е доставен и предлог на прописот, Советот води расправа за донесување на прописот.

Член 78

Предлогот на пропис содржи правен основ за негово донесување, причините поради кои се донесува прописот, образложение, потребните средства за негово спроведување и начинот на обезбедување на тие средства.

2. Донесување Статут на Општината

Член 79

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа како нацрт и како предлог-статут.

Член 80

Нацртот на Статутот го утврдува Советот по предлог на Комисија за статут и прописи.

Советот Нацрт-Статутот го става на јавна расправа и го утврдува времето и начинот на спроведување на јавната расправа.

Предлогот на Статутот на Општината го утврдува Комисија за статут и прописи врз основа на изнесените предлози, забелешки и мислења во текот на расправата.

Член 81

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

Член 82

Измени и дополнувања на Статутот можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот, градоначалникот на Општината, или најмалку 10% од избирачите во Општината.

Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на Општината ја донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

Измените и дополнувањата на Статутот се донесуваат во иста постапка како и Статутот.

3. Донесување Деловник на Советот

Член 83

Предлогот на Деловникот на Советот го утврдува Комисија за статут и прописи.

Член 84

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

Член 85

Измени и дополнувања на Деловникот на Советот можат да предложат членовите на Советот и комисиите на Советот.

4. Донесување Програма за работа на Советот

Член 86

Советот донесува Програма за работа на Советот на Општината.

Предлогот на програмата содржи назив на материјалот, односно прописот, носител и рок.

Член 87

Програмата за работа на Советот се донесува до крајот на календарската година, за наредната година.

5. Донесување програми, одлуки и други прописи

Член 88

Носителите на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови тие предлози на прописи да ги достават до Советот во соодветна форма за разгледување и донесување.

Член 89

При донесувањето на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.

Член 90

Генералниот и деталните урбанистички планови на Општината ги донесува Советот во постапка утврдена со Закон.

Член 91

Советот донесува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа или кои вршат работи од надлежност на Општината.

6. Итна постапка за донесување одлуки

Член 92

По исклучок Советот на Општината може и по итна потапка да донесе одлука кога е тоа неопходно заради спречување на елементарни непогоди, други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на Општината.

Пред да се донесе одлуката, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлогот на одлуката.

7. Расправа по предлог на пропис и предлозите за измени и дополнување

Член 93

По предлозите на прописите се води расправа.

Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на прописот.

Член 94

Предлогот за измени и дополнување на одделни одредби од предлогот на прописот можат да поднесат членовите на Советот и предлагачот на прописот.

Предлогот за изменување или дополнување на одделна одредба од предлогот на прописот се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број членови и станува составен дел на предлогот на прописот.

Предлогот за изменување или дополнување на одделна одредба од предлогот на прописот кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот се усвојува со истото мнозинство и станува составен дел на предлогот на прописот.

Член 95

Изјаснувањето за предлозите за изменување и дополнување на одделна одредба од предлогот на прописот се врши по редоследот на нивното предлагање.

Кога за иста одредба од предлог на прописот се поднесени два или повеќе предлози за измени и дополнување, ако првиот предлог за кој се гласа го добие потребното мнозинство, за останатите предлози членовите на Советот не се изјаснуваат.

Член 96

Пред изјаснувањето на членовите на Советот по поднесениот предлог за изменување или дополнување на одделна одредба од предлог на прописот, подносителот на предлогот има право да се изјасни во врска со поднесениот предлог.

8. Автентично толкување на прописи

Член 97

Барање за автентично толкување на пропис може да поднесат членовите на Советот, градоначалникот, 10% од избирачите во Општината и јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на Општината.

Член 98

Барањето за давање на автентично толкување на пропис се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за статут и прописи.

Член 99

Ако Комисијата за статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на Општината, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисијата за статут и прописи за тоа ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

9. Утврдување на пречистен текст на прописи

Член 100

Ако во општиот акт се вршат поoбемни или повеќе пати измени и дополнувања,Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на прописот.

Пречистениот текст на прописот го изготвува Комисијата за статут и прописи во рок од 15 дена од денот на објавувањето на актот во "Службен гласник на Општина Штип".

10. Претресување на извештаи,
информации и други материјали

Член 101

Советот, претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.

Пред да ги претресува Советот актите од став 1 на овој член ги разгледува надлежната комисија.

По извештаите, информациите и другите материјали, Советот донесува заклучок.

## VIII. **Односи на Советот со градоначалникот и другите органи на Општината**

Член 102

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

Советот до градоначалникот доставува покана и работни материјали за секоја седница во ист обем и во истите рокови како и за членовите на Советот.

Член 103

Градоначалникот на Советот му предлага донесување на одлуки и други прописи од негова надлежност.

Прописите предложени од градоначалникот задолжително пред седница на Советот ги разгледува надлежната комисија.

Член 104

Советот, по укажување на градоначалникот за неуставност или незаконитост на одлука или друг пропис, повторно ги разгледува во рок утврден со Статутот на Општината.

Градоначалникот го објавува прописот, односно одлуката, кој по повторното разгледување е потврден од страна на Советот.

Член 105

Градоначалникот на Општината е должен да ги објави прописите на Советот кои ќе му бидат доставени од страна на претседателот на Советот.

Член 106

За извршување на работата од надлежност на Општината се организира општинската администрација.

Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација донесува Советот по предлог на градоначалникот.

## IX. Соработка на Советот со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа

Член 107

Советот меѓусебно разменува податоци со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа кои се потребни за остварување на функцијата, а со кои располагаат и доаѓаат во текот на работата.

Член 108

За проучување на одделни прашања, подготвување на прописи, давање мислења и предлози, претседателот на Советот како и претседателите на комисиите на Советот одржуваат состаноци со раководните лица на подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа.

Ако е потребно, во соработка со градоначалникот на Општината се одржуваат заеднички седници на кои се заземаат одредени заклучоци.

По заклучоците од заедничките седници Советот на Општината работните тела и подрачните единици на министерствата, заземаат свои ставови за кои што заемно се информираат.

Член 109

Советот на Општината и подрачните единици на министерствата со цел да обезбедат усогласување на прашањата од заеднички интерес можат да образуваат стручни комисии или работни тела.

## X. **Програмирање на работата на Советот**

Член 110

Советот работи според програмата за работа на Советот.

Програмата за работа се утврдува за една календарска година.

За одделни области или за позначајни прашања од својата надлежност, Советот може да донесе и посебни програми.

Член 111

Основа за изработка на Програмата за работа на Советот се: работи кои со Законот и Статутот на Општината се ставени во надлежност на Советот, задачите кои произлегуваат од тие прописи, заклучоци на Советот и роковите за одржување седници на Советот утврдени со Законот.

Член 112

Носителите на предлозите, на прописите и другите материјали, организирањето, подготовките и извршувањето на одделни задачи и работи предвидени со Програмата за работа на Советот се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да ги достават до Советот на разгледување и усвојување.

Ако од одредени причини тоа не е можно, предлагачот односно носителот на работите е должен за тоа навреме да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не можел да ги изврши програмираните задачи во предвидениот рок.

## XI. **Јавност во работата на Советот**

Член 113

Советот обезбедува информирање на јавноста за работата на Советот и за своите ставови и одлуки во врска со прашањата за кои расправа.

Советот по потреба обезбедува информирање на јавноста за работата и на работните тела на Советот.

Член 114

Седниците на Советот се јавни.

Одлуката за исклучување на присуството на јавноста ако за тоа постојат оправдани причини, Советот ја донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот кога тоа го бараат интересите на безбедноста, одбраната или кога се разгледува прашање од доверлив карактер.

На расправа на буџетот на Општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 115

Претставниците на средствата за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците на Советот заради известување на јавноста.

Член 116

Советот може прописот кој го претресува, а кој е од посебен интерес за јавноста од Општината, да го објави преку локалните средства за јавно информирање.

Член 117

Конференцијата за јавно информирање (печат и електронски медиуми) во врска со работата на Советот се одржува кога за тоа ќе одлучи Советот и претседателот на Советот, а за тоа се определува претставник кој ќе ја одржи конференцијата.

Член 118

Заради известување за работата на органите на Општината се издава Службен гласник на Општината Штип.

Во Службениот гласник на Општината Штип се објавуваат одлуките и другите прописи што ги донесуваат Советот и градоначалникот.

XII. **Завршни одредби**

Член 119

Со влегувањето во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/97).

Член 120

Овој Деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Штип.

Број 0701-940/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

104.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА НАБАВКА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за набавка на основни средства.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-941/2
15 јули 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

105.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА НАБАВКА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА

## Член 1

**Се одобрува** набавка на основни средства - 6 (шест) клима уреди.

Клима уредите од став 1 ќе се вградат, и тоа:

- 1 (еден) во големата сала на Советот на Општината Штип;
- 1 (еден) во сала број 2 на Советот на Општината Штип;
- 4 (четири) во просториите број 25, 37, 39 и 41 што ги користи општинската администрација и
- 1 (еден) во кабинетот на претседателот на Советот на Општината Штип.

## Член 2

Средствата за набвката во износ од 90.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Општината Штип за 2005 година.

Набавката ќе се изврши од конто 483260-купување на опрема за греење и климатизација.

Контото 426210 - Расходи за репрезентација се намалува за 90.000,00 денари, а овие средства се пренесуваат на конто 483260-купување на опрема за греење и климатизација.

## Член 3

Доколку средствата од член 2 не се доволни за набавката од член 1, нема да се набави клима уред за големата сала на Советот на Општината Штип.

## Член 4

Набавката на основните средства од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши сгласно Законот за јавните набавки.

## Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-941/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

106.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СРЕДСТВАТА ОД МЕСНИОТ САМОПРИДОНЕС И ДОБИЕНИТЕ КАМАТИ ОД ОРОЧЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БАНКИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.12.2003 ДО 31.12.2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.12.2003 до 31.12.2004 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-942/2
15 јули 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

107.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СРЕДСТВАТА ОД МЕСНИОТ САМОПРИДОНЕС И ДОБИЕНИТЕ КАМАТИ ОД ОРОЧЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БАНКИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.12.2003 ДО 31.12.2004 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.12.2003 до 31.12.2004 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-942/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

108.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СРЕДСТВАТА ОД МЕСНИОТ САМОПРИДОНЕС И ДОБИЕНИТЕ КАМАТИ ОД ОРОЧЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БАНКИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 01.04.2005 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 01.04.2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-943/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

109.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СРЕДСТВАТА ОД МЕСНИОТ САМОПРИДОНЕС И ДОБИЕНИТЕ КАМАТИ ОД ОРОЧЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БАНКИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 01.04.2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 01.04.2005 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-943/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

110.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-декември 2004 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-944/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

111.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-декември 2004 година, со следните **заклучоци**:

1. Да се достави преглед за нереализираните задачи од Програмата за 2004 година и дали истите се влезени во Програмата за 2005 година.
2. На страна 8 од Информацијата да отпадне точка 5.40. Изградба на ракометно игралиште во населба "8ми Ноември" П=1500 $м^2$, бидејќи истото не е изградено.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-944/1 | Претседател |
| 8 јули 2005 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

112.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# НА РАДИО ШТИП ВО 2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Радио Штип во 2004 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-945/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

113.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА РАДИО ШТИП ВО 2004 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на Радио Штип во 2004 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-945/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

114.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ШТИП

I

Се објавува Решението за предлагање член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-946/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

115.

Врз основа на член 48 став 3 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ", број 50/97, 16/00, 17/03 и 65/04) и член 21 точка 22 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ШТИП

1. За член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, **се предлага Љубе Здравков**.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-946/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с.р .

116.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "КАРБИНЦИ-КАРАОРМАН"

I

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Водната заедница "Карбинци-Караорман".

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-947/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

117.

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ", број 51/03) и член 21 точка 22 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "КАРБИНЦИ-КАРАОРМАН"

1. За член во Управниот одбор на Водната заедница "Карбинци-Караорман" **се именува Страхил Нацев**.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-947/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

118.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "БАЛВАНСКО ПОЛЕ"

I

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Водната заедница "Балванско поле".

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-948/2
15 јули 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

119.

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ", број 51/03) и член 21 точка 22 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "БАЛВАНСКО ПОЛЕ"

1. За член во Управниот одбор на Водната заедница "Балванско поле", **се именува Бранко Стодиќ**.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-948/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

120.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СПОНЗОРСТВО ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР

I

Се објавува Одлуката за доделување спонзорство за учество на меѓународен натпревар.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-949/2
15 јули 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

121.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СПОНЗОРСТВО ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР

### Член 1

На Училишниот центар за музичко образование-Штип како спонзорство за учество на ученикот Јован Докузов на Меѓународниот натпревар-Охридски бисери му се доделуваат 6.000,00 денари.

### Член 2

Средствата ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип од конто еднократна парична помош.

Конто 426210-расходи за репрезентација се намалуваат за 6.000,00 денари, а овие средства се пренесуваат на конто - еднократна парична помош.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-949/1
8 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

122.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ
## НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-950/2
15 јули 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

123.

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ", број 62/04) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

## Член 1

На угостителските објекти хотел "Оаза", хотел "Гарни", хотел-ресторан "Изгрев", мотел-ресторан "Ваго" во чии состав имаат објекти-ресторани за исхрана и на ресторан "Прециз Стил" и "Брегалница" им се продолжува роботното време за 1 (еден) час.

Угостителските објекти за исхрана од ставот 1 на овој член можат да работат секој ден од 07,00 до 01,00 часот наредниот ден.

Во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, како и во периодот од 1 јуни до 31 август и во периодот од 25 декември до 15 февруари можат да работат од 07,00 до 02,00 часот наредниот ден, а на 31 декември, 1 и 2 јануари до 04,00 часот наредниот ден.

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-950/1 | Претседател |
| 8 јули 2005 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

СОДРЖИНА


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 102. | Решение за објавување на Деловникот за работа на Советот на Општина Штип | 146/7 |
| 103. | Деловник за работа на Советот на Општина Штип | 147/7 |
| 104. | Решение за објавување на Одлуката за набавка на основни средства | 167/7 |
| 105. | Одлука за набавка на основни средства | 168/7 |
| 106. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за средствата од месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.12.2003 до 31.12.2004 година | 169/7 |
| 107. | Заклучок за усвојување на Извештајот за средствата од месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.12.2003 до 31.12.2004 година | 170/7 |
| 108. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за средствата од месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 01.04.2005 година | 171/7 |
| 109. | Заклучок за усвојување на Извештајот за средствата од месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 01.04.2005 година | 172/7 |
| 110. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за тековното работење на ЈП Штип-проект за периодот јануари-декември 2004 година | 173/7 |
| 111. | Заклучок за усвојување на Информацијата за тековното работење на ЈП Штип-проект за периодот јануари-декември 2004 година | 174/7 |
| 112. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување за усвојување на Извештајот за работењето на Радио Штип во 2004 година | 175/7 |
| 113. | Заклучок за усвојување за усвојување на Извештајот за работењето на Радио Штип во 2004 година | 176/7 |
| 114. | Решение за објавување на Решението за предлагање член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Штип | 177/7 |
| 115. | Решение за предлагање член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Штип | 178/1 |
| 116. | Решение за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Водната заедница Карбвинци-Караорман | 179/1 |
| 117. | Решение за именување член во Управниот одбор на Водната заедница Карбвинци-Караорман | 180/1 |
| 118. | Решение за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Водната заедница Балванско поле | 181/1 |

| | | |
|---|---|---|
| 119. | Решение за именување член во Управниот одбор на Водната заедница Балванско поле | 182/7 |
| 120. | Решение за објавување на Одлуката за доделување спонзорство за учество на меѓународен натпревар | 183/7 |
| 121. | Одлука за доделување спонзорство за учество на меѓународен натпревар | 184/7 |
| 122. | Решение за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти | 185/7 |
| 123. | Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти | 186/7 |